Република Северна Македонија
Општина Штип
Број 09-6118/ 12
08.10.2026 година
Ш т и п

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19,14/20, 215/21 ,99/22 и 208/24) Секретарот на Општина Штип на ден 08.10.2026 година ја донесе следнава:

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТИ ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС

1. Се врши избор на кандидат за унапредување во општинската администрација во Општина Штип по објавен интерен оглас број 02/2026 објавен на 16.09.2026 година на интернет страницата на Општина Штип и Агенција за администрација- Скопје и тоа за следното работно место:

1.За работното место под реден број еден – Советник за заштита на животната средина со звање Советник со шифра УПР 0101 В01 000 во Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина / Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина - 1 (еден) извршител - се избира кандидатот Софче Трајкова.

2.Оваа одлука стапува на сила на осмиот ден од денот на нејзиното објавување на интернет страницата на Општина Штип.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Општина Штип објави интерен оглас бр.02/2026, кој беше објавен на интернет страницата на Општина Штип и интернет страницата на Агенцијата за администрација на 16.09.2026 година, и тоа за следното работно место:

- Советник за заштита на животната средина - 1(еден) извршител.

Комисијата формирана за селекција за унапредување со Решение број 09-6118/7 од 02.10.2026 година од страна на Секретарот на Општина Штип, по претходно доставена номинација за членови со број 10-2183/2 од 16.09.2026 година од страна на Агенцијата за администрација- Скопје, по распишаниот интерен оглас број 02/2026 на 06.10.2026 година во просториите на Агенцијата за администрација-Скопје се состана за да ја изврши административната селекција по Интерен оглас број 02/2026.

Од доставените пријави се констатираше следново:

За работното место под реден број еден Советник за заштита на животната средина со звање Советник со шифра УПР 0101 В01 000 во Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина беше доставена една пријава од страна на кандидатот Софче Трајкова која пријава од страна на комисијата беше оценета за уредна. На интерниот оглас број 02/2026 за едно работно место беше доставена вкупно една пријава, која пријава од страна на Комисијата за работното место под реден број еден пријавата беше оцената за уредна за што Комисијата изготви и записник од извршена административна селекција со број 09-6118/8 од 07.10.2026 година.

После спроведената прва фаза од Интерниот оглас број 02/2026, односно после спроведената административна селекција се пристапи кон втората фаза од Интерниот оглас, односно се пристапи кон интервју со кандидатот кој успешно ја помина првата фаза, односно административната селекција.

На 06.10.2026 година од страна на Комисијата беше спроведено интервјуто за работното место под реден број еден од распишаниот интерен оглас број 02/2026 во просториите на Агенција за администрација - Скопје.

На закажаниот термин за интервју се појави кандидатот кој уредно ја помина првата фаза, односно кандидатот кој ја помина административната селекција за интерниот оглас број 02/2026 и тоа за работно место под реден број еден

Советник за заштита на животната средина со звање Советник со шифра УПР 0101 В01 000 се појави кандидатот Софче Трајкова.

После спроведеното интервју од страна на Комисијата се изготви записник од спроведеното интервју со финална ранг листа и предлог Одлука за избор на прворангираниот кандидат за работните места: и тоа за работното место под реден број еден Советник за заштита на животната средина со звање Советник со шифра УПР 0101 В01 000 во Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштитą на животната средина / Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина- 1 (еден) извршител, со број 09-6118/9 од 07.10.2026 година, со која предлог Одлука му предлага на Секретарот на Општина Штип да донесе Одлука за избор за прворангираниот кандидат за работното место под реден број еден Софче Трајкова.

Финалната ранг листа заедно со предлог одлуката за избор на кандидатите за работните места по интерниот оглас 02/2026, заедно со записникот на комисијата од спроведената административна селекција и записникот од спроведеното интервју од страна на Одделението за управување со човечки ресурси при Општина Штиа беа доставени до Секретарот на Општина Штип на 07.10.2026 година со писмен допис број 04-6118/10.

Согласно доставената финална ранг листа и предлог Одлука за интерен оглас број 02/2026

-Прворангиран кандидат и од двете фази од интерниот оглас број 02/2026 од административна селекција и интервју за работното место под реден број еден Советник за заштита на животната средина со звање Советник со шифра УПР 0101 В01 000 во Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина / Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина -се избира кандидатот Софче Трајкова.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволната страна има право на жалба до Агенцијата за администрација преку Секретарот на Општина Штип во рок од осум (8) дена од денот на приемот на оваа одлука.

ОПШТИНА ШТИП
СЕКРЕТАР
Вишна Шорова Ангелова

Доставено до:
-Кандидатот
-Архива на Општина Штип
-Одделение за информатички работи
-Одделение за управување со човечки ресурси